**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЗГОЛЕМЕНИ (АНОРМАЛНИ) РИЗИЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

Со извршена промена по одлука бр. 0204-2284/2 од 01.03.2013 година.

## А. Општи одредби

### Член 1

(1) Овие Посебни услови за осигурување зголемени (анормални) ризици - (во натамошен текст: Посебни услови) се составен дел на договорот за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштвото за осигурување, (во натамошен текст: осигурувач).

(2) Овие Посебни услови не се применуваат кога е тоа изречно утврдено со посебни или дополнителни услови во одделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

### Член 2

(1) Причините поради кои што некое лице претставува зголемен ризик се наведени во член 4 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода).

### Член 3

(1) Пописот на болестите или состојбата врз основа на која се оценува степенот на зголемениот ризик се одредува со овие Посебни услови.

### Член 4

(1) Премијата која треба да се плати за зголемен ризик е одредена со овие Посебни услови кои ги применува осигурувачот во секој конкретен случај. Ако за некој облик на зголемен ризик не е предвидена премија според овие Посебни услови, осигурувачот премијата ја одредува по анологија на слични или сродни ризици.

### Член 5

(1) Лицата кои се наоѓаат на лекување по правило не можат да склучат договор за осигурување се додека не заврши лекувањето, односно се додека не се утврди конечниот процент на трајниот инвалидитет. Во кој случај и тие лица можат да се осигураат оценува осигурувачот.

### Член 6

(1) Ако договарачот или корисникот не се задоволни со оцената на зголемениот ризик, можат да побараат вештачење во склад со Општите услови.

### Член 7

(1) Премијата за зголемен ризик се одредува така што премијата одредена со Тарифата на премии за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) се зголемува за процент одреден со овие Посебни услови.

(2) Не се сметаат за зголемен ризик во осигурувањето од незгода лицата чија општа работна способност е намалена во смисла на одредбите на членот 4 став (2) од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода), за 50% или помалку.

(3) Лице кое претставува зголемен ризик:
- преку 50% до 75%, премијата се зголемува за 50%;
- преку 75% до помалку од 100%, премијата се зголемува 75% и
- од 100% и повеќе, премијата се зголемува за 100%.

**Б. Останати одредби**

**Член 8**

(1) Елементите за оцена на зголемени ризици заради отстапување на телесната тежина од нормалната, претставуваат составен дел на овие Посебни услови.

**Член 9**

(1) Овие Посебни услови исклучиво се применуваат со Општите услови за осигурување на лица од последици од несреќен случај (незгода).

**Попис на болести врз основа на кои се оценува степенот на анормален ризик**

| **I. Психички и неуролошки заболувања** | **Степен на анормален ризик** | |
|---|---|---|
| Апоплексија на мозок | 0 | 0 |
| Дебилитет | 0 | 0 |
| Деменција | 0 | 0 |
| Депресивно - манична психоза | 0 | 0 |
| Дистрофија на мускули | 0 | 0 |
| Епилепсија - генуина или симптом | III-0 | 100% или не |
| Идиотија | 0 | 0 |
| Имбецилитет | 0 | 0 |
| Кретенизам | 0 | 0 |
| Заболување на централниот нервен систем | 0 | 0 |
| Парализа прогресивна | 0 | 0 |
| Параноја | 0 | 0 |
| Паркинсонова болест | III-0 | 100% или не |
| Склероза мултипла | 0 | 0 |
| Сирингомијелија | 0 | 0 |
| Табес дорсалис | 0 | 0 |
| Церебрална склероза | 0 | 0 |
| Шизофренија | 0 | 0 |
| **II. Сетилни органи** | | |
| Вид смален преку 50% | II | 75% |
| Глауком двостран | II | 75% |
| Глувост двострана | II | 75% |
| Мениеров синдром - хроничен облик | I | 50% |
| Слепило на двете очи | III | 100% |
| **III. Срце и крвоток** | | |
| Аневризма на аорта | III-0 | 100% или не |
| Аневризма на мозочните артерии | 0 | 0 |
| Аневризма на големите крвни садови | III-0 | 100% или не |
| Аортална инсуфициенција | III | 100% |
| Аортритис луестичен | 0 | 0 |
| Апоплексија на мозок | 0 | 0 |
| Артериосклеротска деменција | 0 | 0 |
| Вени проширени на долните краишта | | |
| – во лесен степен | I | 50% |
| – со трофични промени на кожата | II | 75% |
| Инсуфициенција митрална | I | 50% |
| Инфаркт на срце | 0 | 0 |
| Кор пулмонеле | 0 | 0 |
| Клаудикацио интермитенс (без трофични промени) | II-III | 75%-100% |
| Миодегенерација на срце | 0 | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| Нефроангиосклероза | 0 | 0 |
| Перикардитис адхесива | 0 | 0 |
| Раунаудова болест | 0 | 0 |
| Срцеви мани според клинички наод | I-II-III-0 | 50%-75%-100% |
| Срцеви грешки (комбинирани, стенози и др.) | III | 100% |
| Срцеви мани - корегирани со хируршки зафат според клинички наод и оперативен зафат | II-III-0 | 75%-100% |
| Стеснување на артериите на долните краишта | III-0 | 100% или не |
| **IV. Органи за дишење** | | |
| Антракоза на бели дробови | III | 100% |
| Бронхална фистула - неоперабилна | 0 | 0 |
| Бронхиектизии | III | 100% |
| Бронхитис хроничен | II | 75% |
| Грклан - тешки промени со отежната респирација | I-II | 50%-75% |
| Емфизем на бели дробови | II | 75% |
| Ехинокок на бели дробови полицистичен | 0 | 0 |
| Бели дробови - витален капацитет смален преку 50% (од обструктивен или респираторен тип) | III | 100% |
| Бели дробови - капацитет смален | | |
| за машки под 3000 ццм | | |
| за женски под 2000 ццм | I-II | 5-75% |
| Респирација отежната поради промена на горните дишни патишта | I | 50% |
| Силикоза на бели дробови | III | 100% |
| Фибротхоракс еднostran | I-III | 100% |
| Фибротхоракс обостран | 0 | 0 |
| **V. Органи за варење** | | |
| Диветрикулоза на варниот тракт | II | 75% |
| Ехинокок на црниот џигер полицистичен | 0 | 0 |
| Жолчни каменчиња | I-II-A | 50-75% |
| Колитис улцероса | 0 | 0 |
| Панкреатитис хроничен | 0 | 0 |
| Полип ректума солитарни | III | 100% |
| Прирастоци на стомачна шуплина со изразити пречки | II | 75% |
| Слезина - загуба | I | 50% |
| Туберкулоза на црева | III-0 | 100% |
| Хепатитис хроничен | III-0 | 100% |
| Хернија дијафрагмална | III | 100% |
| Хернија стомачна | I | 50% |
| Хранопроводник - проширени вени | 0 | 0 |
| Цироза на црниот дроб | 0 | 0 |
| Чир на дванаестпрсно црево | I | 50% |
| Чир на желудец | II | 75% |
| Чир пептички на тенкото црево | III | 100% |
| **VI. Мочни органи** | | |
| Бубрег - загуба: | | |
| – останатиот бубрег здрав | II | 75% |
| – останатиот бубрег оштетен | 0 | 0 |
| Дивертикулоза на мочниот тракт | II | 75% |
| Инконтиненција на мочката | III-Б | 100% |
| Каменчиња во бубрегот | А-Б-III | 100% |
| Нефритис хроничен | 0 | 0 |
| Нефросклероза | 0 | 0 |
| Пиелонефритис хроничен | 0 | 0 |
| Туберкулоза на бубрезите | III-0 | 100% |
| Уретра - стеснување во силен степен | III-Б | 100% |
| Хидронефроза на еден бубрег | III | 100% |
| Хидронефроза обострана | 0 | 0 |
| Хипертрофија на простата | III-Б | 100% |

| | | |
|---|---|---|
| **VII. Органи за движење** | | |
| Артритис хроничен примарен | III-0 | 100% |
| Артритис хроничен секундарен | I | 50% |
| Бехтеревлева болест | III | 100% |
| Дистрофија на мускулите прог | 0 | 0 |
| Остеомијелитис рецидивирачки | II | 75% |
| Пагетова болест | 0 | 0 |
| Скелет - системни заболувања | 0 | 0 |
| Тромбоза на долните краишта | I-II-III | 50%-75%-100% |
| Туберкулоза коскена активна | А | 0 |
| **VIII. Ендокрини и метаболички болести** | | |
| Адисонова болест | 0 | 0 |
| Базедова болест | II | 75% |
| Дијабетес јувенилен до 20 години | 0 | 0 |
| Дијабетес на возрасни преку 20 години до 200 мг | II | 75% |
| Дијабетес на возрасни преку 20 години до 300 мг | III | 100% |
| Дијабетис инсипидус | 0 | 0 |
| Кушингова болест | 0 | 0 |
| Микседема | 0 | 0 |
| Симонсова болест | 0 | 0 |
| (анормални) | | |
| Струма на штитна жлезда - тиреотоксикоза | I | 50% |
| Уричка диатеза - гихт | II | 75% |
| **IX. Крвотворни органи** | | |
| Агранулоцитоза | 0 | 0 |
| Анемија апластична | III-0 | 100% или не |
| Анемија пернициозна | II | 75% |
| Полицитемија есенцијална | 0 | 0 |
| Хемофилија | III-0 | 100% |
| **X. Кожни болести** | | |
| Еритематодес | 0 | 0 |
| Ксеродерма | 0 | 0 |
| Пемфигус | 0 | 0 |
| Псоријаза | II | 75% |
| Склеродермија | 0 | 0 |
| **XI. Тумори** | | |
| Леукемија | 0 | 0 |
| Малигни тумори | 0 | 0 |
| Малигни тумори - состојба по операција | 0 | 0 |
| **XII. Зависности (дрога и алкохолизам)** | | |
| Абусус дрога | 0 | 0 |
| Алкохолизам хроничен | III | 100% |
| Алкохолизам болнички верифициран со делирантни појави | 0 | 0 |
| **XIII. Останати** | | |
| Болести кои бараат оперативен зафат | А | |
| Труење со тешки и со други хемиски штетни материи кои бараат точно испитување на функцијата на внатрешните органи | Б | |

(1) Во овој попис на болести ознаките во колона „Степен на анормален ризик" за осигурување од незгода значат:

А. Болестите означени со 0 - неприфаќање во осигурување;

Б. Болестите означени со 50%, претставуваат зголемен ризик преку 50% до 75% болестите означени со 75%, претставуваат зголемен ризик преку 75% до помалку од 100% и болестите означени со 100%, претставуваат зголемен ризик 100% и повеќе. Потенцијалните осигуреници со болести кои се оценети со 100% или не, треба да бидат прегледани од соодветен лекар специјалист и врз основа на негово мислење, лекарот - цензор ќе оцени дали ќе бидат прифатени со доплаток од 100%, или пак ќе бидат одбиени;

В. Кај индивидуалните осигурувања според Тарифа 1/1, ќе бидат прифатени лица кои претставуваат зголемен ризик преку 50% до 75%, со зголемување на премијата од 50%.

**Елементи за оцена на зголемен (анормален) ризик заради отстапување од нормалната телесна тежина**

(1) Идеална телесна тежина изразена во килограми, е висината на таквото лице, изразено во сантиметри намалена за 100. Отстапувања од идеалната тежина до 35 килограми се смета за нормална тежина.
(2) Отстапување од нормалната тежина се смета за зголемен ризик.
(3) Ако вистинската тежина отстапува од идеалната повеќе од 35 кгр., таквото лице се смета за осигурувањето незгода за зголемен ризик и премијата се зголемува за 50%.

**Правна поука**

- Доколку осигуреникот или корисникот на осигурување не се задоволни од првостепената одлука, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 (осум дена) до Комисијата која одлучува по приговори.
- Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето, можат да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.
- Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето, односно осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Претседател на Одбор на директори
Иван Фабијанчиќ